*ЃОКО ЃОРЃЕВСКИ*

# СВЕТИКЛИМЕНТОВАТА СИЛИНА НА СЛОВОТО ЗА СЛОВОТО

**Апстракт:** Преку силината на словото на Свети Климент Охридски, започнатото просветителско дело на сесловенските учители, Светите браќа Кирил и Методиј, не само што успеало да опстане и продолжи, туку и да биде расеано понатаму низ целиот словенски христијански свет. Но, светиклиментовото слово е силно затоа што е втемелено врз Словото, за коешто и заради коешто Свети Климент говори и пишува. Словото, силниот Збор Божји забележан и засведочен во Библијата, е основата на неговата мисла и суштината на неговата дејност. Силината на словото се огледа во неговите слова, поуки и проповеди, но и самиот Свети Климент сведочи за моќниот збор на неговите блажени учители. Од него оставената духовна и културна оставина дополнително ја потврдува силата на неговиот збор, потврден со дела.

**Клучни зборови:** Свети Климент, Библија, Слово, слова, поуки.

„Добриот збор железни врати отвора“ е дамнешна народна мудрост срочена во изрека, изречена врз основа на осознавањето за неверојатната моќ и сила на зборот. Слични мудросни заклучоци се наоѓаат и во традициите на други народи, затоа што станува збор за сеопшто човечко искуство забележано уште од античките и од библиските времиња. Со тоа што силата на зборот тогаш и сега е поинаква. Библискиот збор и денешниот збор се разликуваат врз основа на неговото вреднување, затоа што денешниот критериум на вредност и на веродостојност акцентот го поставува врз постапката, делото, резултатот, можеби затоа што дадениот збор ретко се одржува, како да е обезвреднет[1]. За старозаветниот човек, пак, важноста на дадениот збор е суштинска, токму поради поврзаноста меѓу „изговореното“ и „стореното“. Ако тоа е лош збор, злослов, тогаш води кон несреќа, ако е добар збор, тогаш е благослов. А благословот – добриот збор, тој не е едноставно посакување, туку делотворен и творечки во

[1]Bruno Corsani, “Parola”, in *Nuovo dizionario di teologia biblica*, Ed. P.Rosano-G.Ravasi-A.Girlanda, (Cinsello Balsamo: San Paolo Edizioni, 1988), 1099.

однос на оној кому му е упатен. Затоа и еднаш дадениот благослов во Библијата не може да се повлече, оти еднаш изговорен, тој е даден засекогаш.

За моќта на човековиот збор ни говори и библискиот опис кога Адам ги именува од Бога создадените животни. Но, давањето на посебен збор, односно назив за секое животно, не е само именување за идентификување и разликување, туку со тој чин човекот го изразува своето владетелство над секое од нив.[2] И кога во библиската историја се давани нови имиња на некои личности, обично поврзани со значајни настани кои го менувале животот и идентитетот на новоименуваниот (Петар на Симон, Израил на Јаков, Павле на Савле), тоа го правел или Бог или оној што имал посебна власт и моќ. Не се случило никогаш роб да го смени името на господар или слугата на царот.

Целата Библија е сведоштво за Зборот, за Словото. Со Зборот започнува Библијата, кога се вели дека „во почетокот Бог рече: да биде светлина; И стана светлина“ (1Мојс 1,1.3)! Тоа Божјото словење моќно ја раскинува тишината на непостоењето и му дава почеток на светот, а со тоа и на човечкиот збор.[3] Во почетокот беше Зборот: оној збор кој создава и спасува е воедно збор силен, тежок и гори како оган. „Зар не е Мојот збор како оган, вели Господ, и не е ли како чекан што крши карпа?“ – вели Бог во книгата на пророкот Еремија (23,29). Пред моќта на Божјиот збор, целото создание се покорува: „Ќе го испрати (Бог) зборот, и сѐ се растопува; ќе дувне со ветрот Свој, и води потекуваат“ (Пс 147,7).

Во Светото писмо на Стариот завет Бог зборува со од него испратени пророци и други избрани лица, а преку нив Тој му зборува на Својот народ.[4] Така Словото Божјо се открива и Словото Божјо делува.[5] Затоа што тоа не е обична порака упатена до луѓето, туку е движечка реалност, моќ што сигурно ги управува случувањата промислени од Бога (Ис.Н 21,45; 23,14; 3Цар 8,56). Бог го

[2]Свети Јован Златоуст, *Тумачење књиге постања* (Београд: Образ светачки, 1998), 112; Јеромонах Серафим Роуз, *Стварање света и рани човек, Православно тумачење књиге Постања* (Београд: Образ светачки ,2002), 138-139.

[3]Vern Sheridan Poythress, *In the Beginning was the Word. Language - A God Centered Approach* (Wheaton: Crossway, 2009), 20.

[4]Amiot François – Pierre Grelot, “Riječ Božja”, *Riječnik biblijske teologije*, ed. Xavier Lèon-Dufour, (Zagreb: Kršćanska sadašnjost, 1993), 1099-1100. Ѓоко Ѓорѓевски, „Божјиот збор во Стариот завет“, *Словата и словото, Зборник на трудови од третиот Светиклиментов научен собир во 2019*, (Скопје: Православен богословски факултет, 2019), 21-27.

[5]John Webster, *Word and Church* (Edinburg: Bloomsbury T&T Clark) 2001, 27

испраќа својот збор како жив гласник (Ис 9,7; Пс 107,20), внимава тоа да го оствари (Ер 1,12) и секогаш го исполнува она што го објавува (4Мојс 23,19; Ис 55,10).[6] „Зашто Јас, Господ, го зборувам ова: и зборот, кој Јас го кажувам ќе се исполни, и нема да биде одложен; во ваши денови, доме отстапнички, реков збор, и ќе го исполнам, вели Господ Бог... Затоа кажи им: вака вели Господ Бог: Ниеден Мој збор нема да биде одложен, но зборот, што ќе го кажам Јас, ќе се изврши, вели Господ Бог" (Ез 12,25.28).

Божјиот збор е извор на животот и смртта. Врз основа на својот личен опит, богобојажливиот псалмопејач со сигурност извикува кон Господа „Твојот збор ме оживува" (Пс 118,50.89). Твојот збор, Господи, е засекогаш утврден на небото; Твојот збор е светилник на нозете мои и светлина за патеката моја".

Бог зборува со човекот, а важноста на неговиот збор во Стариот завет само го подготвува новозаветното време, кога овој Збор - Слово - станува плот. Со Христовото доаѓање, Бог почнува непосредно да говори и, како што вели Блажениот Августин, Словото е „видено и чуено", затоа што стана „Збор кој се гледа".[7]

Познато е дека новозаветниот евангелистар започнува со славната химна, прологот од Евангелието според Јован со зборовите: „Во почетокот беше Словото и Словото беше во Бога и Бог беше Слово" (Јн 1,1). Според многумина, ова се веројатно првите зборови понајдени и запишани на словенски јазик, та преку Словото словенските народи да се ословесат и да почнат да го градат својот духовен и културен идентитет. Словењето за Словото е поводот за големиот изум, за пронаоѓањето на новото писмо од Светите Кирил и Методиј, коешто не е сработено во некаква научна лингвистичка лабораторија, туку во Црквата. Таму словенската писменост го има својот зародиш, како дел од црковната бурна и непредвидлива историја и мисија. А писмото и описменувањето се само дополнителна придобивка на еден исклучителен црковно-мисиски подвиг, чија главна цел била овозможувањето на достапноста на Словото на словенскиот народ на неговиот сопствен јазик.

---

[6] Amiot François – Pierre Grelot, "Riječ Božja", 1101.

[7] Треба да се истакне дека термините „зборува", „збор", како инструменти на комуникација, лична и официјална, се посебно привилегирани во еден свет, како што е оној на Стариот Исток, каде усната активност и традиција предначела пред пишувачката. Sp. Gianfranco Ravasi, *Nel cuore dell'uomo. Leggendo il libro dei Proverbi* (Cinsello Balsamo: San Paolo Edizioni, 1987), 70.

За Словото како основа на Светиклиментовата дејност говорат за него напишаните житија, но уште повеќе од него запишани слова. Неговите авторски дела долго време остануваат непознати, но со нивното пронаоѓање се открива како тие бројни и разновидни, инспиративни и содржајни поучни слова дополнително ја појаснуваат личноста и духот на Свети Климент.

Свети Климент Охридски кога проповеда говори со библиски јазик во неговото обраќање кон своите современици. Основата на пораката во неговите поуки, проповеди и пофални слова е онаа евангелската, која ја објавува радосната вест дека Бог „прими на Себе човечко тело како облека, и го обнови со Своето Божество“ (Слово за Света Троица)[8] и дека „Господ, нашиот Бог, го порази ѓаволот и, откако ја разруши силата на смртта, воскресна од гробот како бесмртен и сите умрени праведници ги воскресна со Себе“ (Поука на Света Пасха, 155)[9]. А сеќавајќи се на зборовите на апостолот Павле, дека „зборот Божји е жив и дејствува и е поостар од секаков меч со две острици; и навлегува до разделување на душата и духот, до зглобовите и мозокот, и ги проценува мислите и намерите на срцето“ (Евр 4,12), тој трезвено говори за силата на Словото пренесено од неговите учители, како и други негови славни претшественици. Во Пофалното слово за Свети Кирил, се вели дека големиот сесловенски апостол „со јасни зборови ги разоруваше сите заблуди и учеше на правоверие, довршувајќи го она што не го завршил апостол Павле, прелетувајќи како орел на сите страни, од исток до запад и од север до југ“. Понатаму тој потсетува дека Свети Кирил „на сите народи им ги благовести скриените тајни со разбирливи за нив зборови, на едни - преку книги, а на други - со проповед. Божјата благодат се излеа во неговите усни, и заради тоа Бог го благослови за веки веков“[10]. И продолжува: „Но, повеќе од сè, со боготкан венец го овенча многуплемениот словенски народ, зашто овој апостол беше испратен токму за него. Од неговата уста истече извор на животворни зборови, напојувајќи ја нашата пресушена суша... Таа пречиста уста се покажа како еден од серафимите, прославувајќи Го Бога, и преку неа Го познавме Триипостасното Божество, во една суштина“. Свети Климент не се воздржува

[8]*Свети Климент Охридски, Собрани дела: Слова, поуки и житија*, превод Јован Таковски (Скопје: Табернакул, 2012), 166.
[9]*Свети Климент Охридски,* 155.
[10]*Свети Климент Охридски,* 112-113.

да го сподели и своето лично искуство и благодарност на својот учител, кога го воспева, велејќи: „Ги ублажувам твоите ангелозрачни зеници, озарени од божествената слава, кои ме просветлија со боговдахновени зборови и го протераа слепилото на моето срце“[11]. И во Похвалното слово за светите и преславни учители, блажениот Кирил и архиепископот Методиј, Светиот Климент јасно говори дека тие „го посеаја словото Господово како пченица во нивата на срцето и ги насладија сите (луѓе) со медоточни зборови“, па обраќајќи се до нив, славослови: „Благословен е вашиот јазик, со којшто насеавте духовни зборови за спасение на безброен народ. Откако примивте од Бога боговдахновен дар, насекаде го растеравте мракот на незнаењето, самите вие давајќи им пример на сите, и излевајќи духовна сладост од усните... Вашите зборови се восочни пити со мед, со кои вие ја насладивте целата вселена. Вие сте како скапоцен бисер и од вас се излеваат ризници Господови. Вие сте живеалиште на Божјата промисла, избрани садови на Светиот Дух, кои го пронесовте името Христово по целата земја“[12].

За забележителниот дар на Светиклиментовата речитост сведочи и еден редактор, кој на крајот од неговиот ракопис од 15 век (Михајловски ракопис бр. 490) на едно негово слово (за Света Троица, за создавањето на светот и за судот), тој додава: „Како што опитен песнотворец устројува златни гусли и со милозвучно свирење собира многу народ, така и тој (св. Климент), не со хармонично свирење, туку со звучноста на своите зборови и на неговото големо дело, тој ни принесува полза. Христос посакува такви учители, (бидејќи Он вели: Оној што ќе исполни и поучи, голем ќе се нарече во Царството Божјо). Така голем во Царството е и овој (св. Климент)“[13].

Во подетална анализа на зачуваните слова и проповеди, може да се забележи дека за Свети Климент, колку што е важен поучителниот момент во запознавање со Словото или потсетување на основите на верата, уште повеќе е важно да поттикне на размислување и дејствување, на сообразување на Евангелието со постапките и однесувањето, што значи ревносен повик за одговорно живеење во Црквата според исповедањето на верата во Бог Слово. „Да бидеме

[11]*Свеѿи Клименѿ Охридски,* 114.
[12]*Свеѿи Клименѿ Охридски,* 130.
[13]*Свеѿи Клименѿ Охридски,* 174-175.

чувари на Божјите зборови, а не само слушатели“ – вели Свети Климент во Поуката за Сретение[14]. Токму затоа, главниот дел (посебно од проповедите) се повик за исполнување на обврските како верници, не изоставајќи се себеси, па затоа честопати говори во прво лице[15]. Па така, кога упатува на важноста од правилниот и вистински начин на почитувањето на празниците, тој вели: „Угодувањето на Бога и примањето на нашите молитви се постигнува вака: кога празниците ги славиме нелицемерно..., туку да ги следиме нивните свети дела, просветлувајќи си ги душите со чистота и своите срца правејќи ги постојано свети. А Бог сака вакви празници: кога примаме туѓинци, кога храниме гладни, кога облекуваме голи, кога посетуваме затвореници со милостина, кога даваме некаква помош на онеправдани, кога помагаме на болни и на сиромашни, кога меѓу себе се почитуваме со смирение, нелицемерно и со вистинска љубов“ (Општа поука за апостол, маченик или светител)[16]. Значи, не само да се нарекуваме според Словото, туку и да живееме согласно со Словото, па вели: „да се обновуваме со добрина и со чистота, и животот да ни биде достоен; по светост, а не само по име да се нарекуваме христијани! Откако ќе се оддадеме на духовен подвиг, еден друг да се натпреваруваме со добрина“ (Општа поука за недела)[17]. Во Поуката за светата Причесна, пак, светиот отец вели: „Приклонете ги, возљубени, ушите на вашите срца и послушајте ги зборовите на оваа поука, бидејќи тие се поскапи од ризниците на сите богаташи. Блажен е човек кој ги слуша овие зборови и ги извршува, бидејќи тие се неисцрпно богатство и непресушен извор за жедните, храна за гладните, кои ја хранат душата“[18]. Зборовите од поуката треба да се послушаат, да се прифатат и извршат, да бидат

[14]*Свети Климент Охридски,* 281.

[15]„Св. Климент не останува на „апстрактно“ етичко ниво, туку во многу од своите списи, тој буквално ги набројува добрите и лошите дела. Со тоа, тој дава и практични напатствија како да се води поединецот во животот, со што се покажува не само како теоретичар, туку и како жив пастир на своето паство. Со тоа, дополнително блеснува неговиот морален лик, не само како теоретичар, туку како жив сведок на Христовата вера, живот и учење. Впрочем, тој самиот за епископите и клирот вели дека треба „самиот во сѐ да дава пример со добро дело.“ Како што несомнено и самиот св. Климент живеел.“ Трајче Стојанов, „Свети Клиемнт како етичар“, *Меѓународна научна конференција, Климентовото дело, Конференција посветена на 1100 годишнината од Климентовото упокојување, 23-24 јуни 2016, Штип*, (Штип, Универзитет Гоце Делчев: 2016), 75

[16]*Свети Климент Охридски,* 2.

[17]*Свети Климент Охридски,* 29.

[18]*Свети Климент Охридски,* 376-377.

чуени, но и оделотворени, затоа што само преточениот збор во дело е навистина евангелски, христијански, Божји.

Запишаните текстови јасно ја отсликуваат и одговорноста на Свети Климент кон сопствената улога во Црквата како учител, пастир и епископ, кој тогашното општество го набљудува низ призмата на библиската традиција, која верните ги става под посебна Божја закрила, но со одговорност кон другите членови од заедницата. Климентовата порака не е сосема нова, туку е онаа евангелската, која го објавува Словото, само обнародена и појаснета.[19]

На восхитувачката силина за Светиклиментовиот збор веројатно се должи и неверојатниот успех на неговата школа во Охрид. Да се потсетиме дека во време на отсуство на денешните средства за меѓусебно известување за краток период од само седум години низ неа минале 3 500 ученици! Каква вдахновеност и сила на зборот треба да имало во таа света личност за да може да мотивира толку народ, а потоа таа мотивираност и понатаму да ја одржува и унапредува. Секако дека новиот изум, да може сопствениот збор на својот јазик да се види вбуквен, да се забележи и да се прочита, била една од причините за покажаниот интерес, но, без сомнение, останува одлучувачка улогата и подвигот на Свети Климент за успехот и напредокот на првата словенска школа. Така и таму се умножил бројот на неговите соработници, а потоа истите тие ученици станувале и учители, за кои немаме белешки, но веруваме дека биле подеднакво даровити и посветени на мисија. Впрочем, силниот Светиклиментов збор се надградува врз словото на неговите учители, Светите Кирил и Методиј. Што ќе останеше од делото на сесловенските просветители и учители, Светите браќа Кирил и Методиј, ако не беа нивните ученици, ако не беше Свети Климент? Историските услови во Моравија, и покрај исклучителниот труд, напор, подвиг и залагање, за жал, не го беа дале посакуваниот плод, но по враќањето на Светите Климент и Наум на југ, Македонија се погоди погодна почва посеаното да се задржи, да порасне и да даде род. Преку силината на Светоклиментовото слово, започнатото благословено просветителско дело не само што успеало да опстане и продолжи, туку и да биде расеано понатаму низ целиот словенски

[19] „Библискиот концепт за општествената одговорност во делата на свети Климент Охридски“, *Зборник на трудови, Меѓународна научна конференција: Светиклиментовите пораки за етиката, моралот и вредностите*, (Скопје: Факултет за безбедност, 2016), 22-32.

христијански свет, со што дало почеток на една нова, не само христијанска, туку и цивилизациска ренесанса.

## St. Clement's power of the word for the Word

Summary: Through the power of the word of St. Clement of Ohrid, the enlightenment work of the all-Slavic teachers, the holy brothers Cyril and Methodius, not only managed to survive and continue, but also to be scattered further throughout the entire Slavic Christian world. But St. Clement's word is strong because is grounded in the Word of God, of which and for which St. Clement speaks and writes. The powerful Word of God recorded and attested to in the Bible, is the basis of his thought and the core of his mission. The power of the word is reflected in his instructions, teachings and sermons, but St. Clement also bears witness to the powerful word of his blessed teachers. The spiritual and cultural legacy he left further confirms the power of his words, proven by his deeds.